**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА**

## 1. ПРОГРАМИ

| **Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество** |
|---|
| **Поврзаност со приоритетите на Владата:**<br>• *„Обезбедување забрзан и одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитетен живот на граѓаните“,*<br>**и од следниве приоритетни цели на Владата на РСМ за 2023 г.:**<br>• *Унапредување на туризмот, угостителсттвото и меѓународната туристичка соработка.*<br>*(Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2023 г., Сл.весник  на РСМ бр. 122/2022 од 30.05.2022 г.)* |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа:**<br>**Постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции** |
| **Цел на програмата:**<br>• Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка;<br>• Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;<br>• Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници и остварување на блиска соработка со истите. |
| **Показатели за успешност:**<br>• Број на одржани тркалезни маси, семинари, издадени публикации, одржани изложби и други културни и научни настани во 2022 г., 2023 г. и 2024 г.;<br>• Број на организирани заеднички јавни настапи на регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и испраќање јасна порака за меѓуверска толеранција и општествена одговорност;<br>• Број на одржани договорно-консултативни средби  со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни гру¬пи за |

| |
|---|
| унапредување и заштита нивните права;<br>• Број на решени прашања за тековните потреби на верските субјекти и други прашања од областа на заштита на културното верско наследство на верските субјекти;<br>• Број на преземени иницијативи за унапредување на меѓународната соработка во обласата. |

## 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

### 2.1. *Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите*

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | • „Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните“,<br><br>и од следниве приоритетни цели на Владата на РСМ за 2023 г.:<br><br>• Унапредување на туризмот, угостителсттвото и меѓународната туристичка соработка. (Одлуката за утврдување на стратеш¬ките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2023 г., Сл.весник на РСМ бр. 122/2022 од 30.05.2022 г.) | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | **Промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции.**<br>• Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка;<br>• Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;<br>• Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници и остварување на блиска соработка со истите. | |
| **Назив на програмата/потпрограмата:**<br>Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество | Цел на програмата/потпрограмата:<br>- Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка;<br>- Обезбедена заштита на начелото на | Одговорен:<br>Сектор за прашања на црква, верска заедница и религиозна група и стручна поддршка и Сектор за општи работи и финансиско работење и комуникација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;<br>- Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници и остварување на блиска соработка со истите. | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Билатерална соработка со сродните институции од регионот | Остварени се предвидените средби и работни посети на сродните институции во Р. Унгарија, Р. Србија и Р. Црна Гора. | Со реализација на активноста е постигната планираната цел и се придонесе кон продлабочена меѓународна соработка во сферата на верските прашања, како и прибрани дополнителни информации за работата на државните институции во верската сфера. | Почитувањето на човековите права, во чиј домен спаѓаат и верските слободи и права претставуваат правец во кој институцијата ги организира и реализира своите задолженија. Имајќи ја во предвид традицоналната соработка, споделените вредности, предизвици и заедничката иднина на државите од нашиот поширок регион одржување билатерални средби придонесува за вистинско запознавање, размена на искуства и ставови на раководствата на иституциите кои работат на многу значајниот однос на државата со верските заедници, од која се надеваме ќе произлезат и понатамошни иницијативи, соработка и пријателства. |
| Формирана „Група на пријателство“ помеѓу Македонската православна црква –Охридска архиепископија и Исламската | Остварени средби меѓу млади теолози за нивно запознавање и почеток на идна соработка. | Ваквиот формат на активности придонесуваат кон унапредување на меѓуконфесионалната соработка и остварување на зацртаните цели како и промоција на културните и верските вредности на Република Северна Македонија. | Групата се формира по иницијатива на Комисијата и има за цел да овозможи на новата генерација свештеници и верски службеници, како и на научните теолошки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| верска заедница | | | работници низ неколку модули соодветен простор за навремено меѓусебно запознавање, разменување на искуства и ставови и поттикнување на заедничка грижа за јавното добро. |
| Одбележан 24 мај денот на Св. Кирил и Методиј во Рим, со манифестацијата „Македонија во чест на Св. Кирил“ | Во рамки на манифестацијата „Македонија во чест на Св. Кирил“ македонската државна и црковна делегација реализираше дводневна посета на Италија и Светиот престол. | Комисијата како единствен орган на државната управа задолжен за односите меѓу државата и верските субјекти придонесува кон промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и конструктивна соработка со верските субјекти, како и продлабочување на меѓународната соработка во верската сфера. | Државата традиционално учествува во одбележување на овој значаен настан и присуствува на молебенот на гробот на Св. Кирил во црквата „Сан Клементе“, како и аудиенција кај Папата со што се продлабочуваат билатералните односи меѓу нашата држава и Светата Столица. |
| Публикација „Молебен канон за светите браќа Кирил и Методиј“ во чест на јубилејот 55 години од востанувањето на традиционалната манифестација „Македонија во чест на свети Кирил“ | Публикацијата е подготвена и испечатена. | Промоција на културните и верските вредности на македонската држава преку личности кои со своето дело придонеле кон напредок на човековата цивилизација, со почитување на културата, јазикот и идентитетот на секој народ. | Публикацијата „Молебен канон за светите браќа Кирил и Методиј“ ќе биде промовирана во 2024 година. |
| Публикување на прогласот на папата за заштита на животната средина на македонски јазик „Слава Тебе“. | Книгата „Слава тебе“ е издадена на на македонски јазик од Комисија за односи со верските заедници по одобрение на ватиканскиот Дикастер за комуникации, а во соработка со Скопската бискупија на Католичката црква. | Комисијата ја поддржува оваа идеја и воедно ја промовира како правец кон кој и верските субјекти можат да работат заедно со државните институции во остварување на активности за општо добро. | Книгата Слава тебе (Laudato Si) е енциклика на папата Франциск за грижата за заедничкиот дом, четиво кое во светската јавност се смета за глобален повик за здружена акција за заштита на животната средина, но и многу повеќе од тоа. |
| Публикација посветена на Еврејската заедница во Република Македонија со наслов „Еврејски водич“ | Завршена II фаза за подготовка на публикацијата. | Подготовка на публикации посветени на различните вери присутни во државата придонесуваат за промоција на секоја вера поединечно, запознавање на верата на другиот и квалитетен верски соживот. | Публикацијата „Еврејски водич“во буџетската 2024 г. ќе се испечати и промовира пред јавноста. |
| Публикација „Најрепрезента-тивните исламски споменици“ | Завршена II фаза за подготовка на публикацијата. | Подготовка на публикации посветени на различните вери присутни во државата придонесуваат за промоција на секоја вера поединечно, запознавање на верата на другиот и квалитетен верски соживот. | Публикацијата „Најрепрезентативни исламски споменици“ во буџетската 2024 г. ќе се испечати и промовира пред јавноста. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Традиционален свечен предновогодишен прием и доделување комисиско признание „Вељо Манчевски“ | Организиран и реализиран предновогодишем прием и доделени комисиски признанија „Вељо Манчевски“. | Институционалното признание „Вељо Манчевски“ придонесува кон почитување на нагласените заложби на поединци и колективи, организации кои имаат особен придонес во верската сфера и кои со својот ангажман, активност и долгогодишен труд трајно оставиле значајни траги и се вградиле во развојот и продлабочувањето на различни значајни сегменти во верската сфера. Учеството на хорови од верските субјекти дополнително го збогатија настанот и дадоа свој придонес за промоција на верските и културни вредности, како и унапредување на меѓуконфесионалната соработка. | Комисијата смета дека позитивните примери од општеството кои се од верската сфера потребно е да се афирмираат континуирано. |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Истражување на јавното мислење за важни прашања од верска природа кај различни возрасни групи. | Не е спроведено истражувањето. | Резултатите од истражувањето можат да придонесат дополнително успешно да се следат состојбите во одредена област, да се анализира, покренува иницијативи и зазема ставови. | Комисијата да реализира годишни истражувања бидејќи активноста дава одлични индикатори за насоките за работа на институцијата. |

*2.2. Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата*

Комисијата за односи со верските заедници и религозни групи нема доставено иницијативи до Владата на Република Северна Македонија согласно Годишната програма за работа на Владата за 2023 г. .

*2.3. Оценка на спроведувањето на други активности кои произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа*

Согласно планот за јавни набавки за 2023 година КОВЗРГ спроведе јавна набавка за услуги од авторска агенција, јавна набавка за гориво за службено возило, јавна набавка за печатење на публикација.

## 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Согласно реалните услови за работа Комисијата смета дека поголемиот број активности за 2023 г. е реализиран, како и дополнителни активности коипроизлегуваат од надлежноста на институцијата. Наредната буџетска година ќе се стремиме кон целосна реализација на активностите предвидени во Стратешкиот план за 2024-2026 година и Годишниот план за работа за 2024 година.

**Директор**
**м-р Даријан Сотировски**

Подготвила: Наташа Никифоровиќ